# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**01.07.2005**<br>**БРОЈ 6 ГОДИНА 40** | |


## С О Д Р Ж И Н А


**1.** Одлука за изменување и дополнување на Статутот на општина Охрид **2**
**2.** Одлука за организација на општинската администрација **6**
**3.** Програма за инвестиции и одржување на Локалната самоуправа за 2005 год **11**
**4.** Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Охрид за 2005 год **20**
**5.** Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2005 година **21**
**6.** Одлука за преземање на основачки права над основните училишта во општина Охрид **24**
**7.** Одлука за преземање на основачки права над јавните средни училишта во општина Охрид **25**
**8.** Извештај за степенот на реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2004 година **26**
**9.** Предлог програма за изработка на урбанистички планови на општина Охрид 2005 година **28**
**10.** Одлука за усвојување на завршната сметка на општина Косел за 2005 година, од 01.01.2005 до 01.06.2005г. **30**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Статутот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/2**
**01.07.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 42 и 141 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.06.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Членот 2 се менува и гласи:

Подрачјето на Општината е утврдено со закон.

Подрачјето на Општината Охрид го опфаќа градот Охрид и селата: Вапила, Велгошти, Велестово, Горно Лакочереј, Долно Коњско, Долно Лакочереј, Елшани, Завој, Коњско, Косел, Куратица, Лагадин, Лескоец, Ливоишта, Љубаништа, Опеница, Орман, Пештани, Плаќе, Подмоље, Рамне, Расино, Речица, Свиништа, Сирула, Скребатно, Трпејца и Шипокно.

**Член 2**

Членот 46 став 1 се дополнува со “Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите“.

**Член 3**

По член 57 се додава член 57-а кој гласи: “Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите ги разгледува прашањата од родова рамноправност со цел да развие и воспостави политика за родова еднаквост насочено кон оспособување на жените и мажите да учествуваат на под еднакво ниво во социјалната, политичката и економската сфера“.

**Член 4**

Пред членот 76 се додава наслов: “Совет за заштита на потрошувачите“.

**Член 5**

Во членот 81 наместо бројот 82 треба да стои: “80“.

**Член 6**

Членот 82 се брише.

**Член 7**

Членот 98 се менува и гласи:

“Општината се финансира од сопствени извори и приходи и други извори на финансирање.

Сопствени извори на Општината се:

- локални даноци утврдени со закон;
- локални такси утврдени со закон;
- локални надоместоци утврдени со закон;
- приходи од сопственост;
- приходи од донации;
- приходи од парични казни утврдени со закон;
- приходи од самопридонес;
- други приходи утврдени со закон.

Општината се финансира и од дотации од буџетот на Република Македонија утврдени со закон“.

**Член 8**

Во членот 99 наместо зборот “донациите“ треба да стои зборот “даноците“.

**Член 9**

Членот 102 се брише.

**Член 10**

После член 143 се додава нова глава 14 “информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер“, со 8 членови: 143-а, 143-б, 143-в, 143-г, 143-д, 143-ѓ, 143-е, 143-ж.

**а/ Информирање на граѓаните**

**Член 143-а**

Органите на Општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на Општината се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на општуината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки на основни средства за работа;

- именување на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училиштата;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 143-б**

Информирањето на граѓаните на Општината се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање Службен гласник на Општината;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли /простории на органите на Општината, месните заедници, јавните претпријатија и установи/;
- веб сајт;
- јавни трибини во месните заедници за одредени прашања;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**б/ Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 143-в**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината /Советот и Градоначалникот/, јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од Општината.

По исклучок во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 143-г**

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации од став 1 на овој член востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните на Општината, се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од 3 месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува /донесува/ Советот на општината.

**Член 143-д**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и општинската администрација.

**Член 143-ѓ**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации од став 1 на член 143-а имаат сите правни и физички лица /во натамошниот текст: барател на информација/.

Слободниот пристап до информации се остварува:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување и остварување на право на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 143-е**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 143-ж**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на општината и го доставува до Советот најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од ставот 1 по усвојувањето се доставува до Државната комисија за заштита за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Член 11**

Главата 14 - Преодни и завршни одредби станува глава 15.

**Член 12**

Членот 144 се брише.

**Член 13**

Членот 145 се брише.

**Член 14**

Се задолжува општинската администрација да изготви пречистен текст на Статутот на општина Охрид.

**Член 15**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 829/2**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организација на општинската администрација, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**01.07.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 57 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Законот за територијална организација на Локалната самоуправа во Република Македонија (“Сл.весник на РМ“ бр.55/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се организира и се уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид.

**Член 2**

За извршување на работите од надлежност на Општината утврдени со Законот за локална самоуправа, посебните закони за одделни области и Статутот на Општина Охрид се организира општинската администрација.

**Член 3**

Организацијата на општинската администрација на Општината Охрид /во натамошниот текст Општинска администрација/ се утврдува во зависност од надлежностите на Општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот и нивната меѓусебна поврзаност и сродност.

**Член 4**

Општинската администрација во рамките на своите надлежности:

- ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметководството на општината;

- врши облог и наплата на средства за финансирање на Општината;
- ја следи проблематиката од областите од надлежност на Општината, врши анализи на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање од надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на Општината и ги чува се до нивното уништување односно предавање на Државниот архив на РМ;
- врши инспекциски надзор над дејностите за кои Општината е овластена со закон или статут;
- донесува поединечни акти од својата надлежност;
- врши административно технички и оперативни работи;
- врши работи за остварување на непосредниот интерес на граѓаните, преку облици на месна самоуправа.

**Член 5**

Општинската администрација работите од својата надлежност ги врши самостојно, професионално, стручно и јавно и за својата работа одговара пред Градоначалникот.

**Член 6**

Општинската администрација на Општина Охрид се организира во сектори и одделенија.

За вршење на инспекциски надзор на работите од надлежност на Општината може да се организира општински инспекторат.

**Член 7**

Сектор се организира заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на Општината, како и заради координирање и контрола на работите од доменот на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Член 8**

Одделение се организира заради извршување на следните групи на работи од надлежност на Општината: нормативно - правни, управување со човечки ресурси, стручно - аналитички, управни, управно - надзорни, информативно - документациони, материјално - финансиски и сметководствени, стручно - оперативни, инвестициони, информатичко - технолошки, стручно - административни и други работи кои ги извршува општинската администрација.

**Член 9**

Општинската администрација на Општината Охрид се организира во следните сектори:

1. Сектор за правни, финансиски, јавни и општи работи;
2. Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој и
3. Сектор за туризам и локален економски развој.

**Член 10**

Секторот за правни, финансиски, јавни и општи работи во рамките на својот делокруг ги следи, координира и контролира работите што се однесуваат на:

- подготовка на актите за Советот и Градоначалникот;
- подготовка на седници на Советот и на неговите комисии;
- вршење стручни работи за Советот и Градоначалникот;

- ракување и чување на документи на Општината, до нивното предавање на Државниот архив на РМ;
- изготвување на буџет на Општината и следење на неговата реализација;
- вршење на облог со даноци и комунални такси на обврзниците и пратење на наплата на истите;
- вршење на материјално - финансиски и сметководствени работи;
- управување со човечки ресурси;
- вршење на надзор и други општи и административно - технички работи.

**Член 11**

Секторот за правни, финансиски, јавни и општи работи се состои од:
1. Одделение за општи и правни работи;
2. Одделение за финансии и буџет;
3. Одделение за даноци и комунални такси;
4. Одделение за јавни работи.

**Член 12**

Одделението за правни и општи работи ги врши работите што се однесуваат на нормативни акти /одлуки и други општи акти/, како и поединечни акти од надлежност на советот и градоначалникот, дава мислење на актите од аспект на нивната законитост, кога предлагачи се други органи, врши стручни и организациони работи за функционирање на градоначалникот, советот и неговите тела, ги организира активностите на облиците на месна самоуправа, ги информира корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права, ракува со документи на општината, врши работи што произлегуваат од работниот однос на вработените во општинската администрација, подготовки за цивилната заштита, канцелариското и архивското работење, секретарски работи за градоначалникот и претседателот на советот, работи поврзани со возниот парк како и други помошно - технички работи.

**Член 13**

Одделението за финансии и буџет ги врши работите што се однесуваат на подготвување на буџетот и годишната сметка на буџетот и други акти од областа на финансирањето на општината и нејзините органи и тела, го води сметководството на општината, ја води и ускладува евиденцијата на имотот на општината, ги следи и применува прописите за финансиско, сметководствено и материјално работење, поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината, врши други работи што ќе му бидат дадени во надлежност согласно прописите, како и од страна на советот и градоначалникот на општината.

**Член 14**

Одделението за даноци и комунални такси ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со даноци и комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината, ја следи наплатата на даноците и комуналните такси, подготвува извештаи и информации за состојбите во областа, се грижи за извршување и присилна наплата на истите, врши и други работи што ќе му бидат дадени во надлежност од страна на советот и градоначалникот.

**Член 15**

Одделението за јавни работи ги врши работите што се однесуваат: пратење на состојбата во областите на образованието, културата, здравството, социјалната заштита, спортот во рамките на надлежностите кои општината задолжително ќе ги извршува, ги следи и поттикнува активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија

активност е од интерес на општината, ги следи прописите од овие области и предлага мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот, врши и други работи кои согласно законот ќе им бидат доверени од страна на советот и градоначалникот.

**Член 16**

Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунални работи во рамките на својот делокруг ги следи, координира и контролира работите кои се однесуваат на:

- урбанистичко планирање на просторот, издавање на услови и одобренија;
- за градење на објекти од локално значење утврдени со закон;
- заштита на животната средина и природата и преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- уредување на градежното земјиште;
- изградба, реконструкција и одржување на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината;
- уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници и режимот на сообраќај;
- го организира и регулира користењето на јавно прометни површини;
- следење на состојбата во областите, вршење инспекциски надзор и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите.

**Член 17**

Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој се состои од:

1. Одделение за урбанизам и заштита на животна средина;
2. Одделение за комунален развој и сообраќај.

**Член 18**

Одделението за урбанизам и заштита на животна средина ги врши работите што се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината, покренува иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови, изготвување на годишна програма за урбанистичко планирање на просторот, следење на спроведувањето на урбанистичките планови, изготвување на анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон, издавање на градежно земјиште под закуп, заштита на животната средина и природата, предлагање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата, следење на состојбите во областите и вршење надзор и предлагање мерки за подобрување на состојбите на истите.

**Член 19**

Одделението за комунален развој и сообраќај ги врши работите што се однесуваат на уредувањето на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, уредување и организирање на јавниот превоз на патници, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, регулирање на режимот на сообраќај, определување на имиња на улици, плоштади, мостови и др., јавното осветлување, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови на општината, наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште и за користење на јавно прометни површини и други работи што ќе му бидат доверени од страна на советот и градоначалникот.

**Член 20**

Секторот за туризам и локален економски развој во рамките на својот делокруг ги следи, координира и контролира работите кои се однесуваат на промовирање на туристичките вредности на Општината, туристичка и угостителска дејност од мал обем, локалниот економски развој, преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност и развојот на информатичката технологија за потребите на Општината.

**Член 21**

Сектор за туризам и локален економски развој се состои од:
1. Одделение за туризам;
2. Одделение за локален економски развој.

**Член 22**

Оделелението за туризам ги врши работите што се однесуваат на промовирање на туристичките вредности на општината, подготвување на програми и предлагање мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем, водење регистар на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем, давање туристички информации и вршење на дистрибуција на информативно промотивни материјали, вршење инспекциски надзор на вршителите на туристичка и угостителска дејност од мал обем и други работи што ќе му бидат доверени од страна на советот и градоначалникот.

**Член 23**

Одделението за локален економски развој ги врши работите што се однесуваат на локалниот економски развој за што подготвува програми и предлага мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално ниво, воспоставување и развој на мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерството, развојот на информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски подсистеми, како и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност со закон или друг пропис, односно од страна на градоначалникот и советот.

**Член 24**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот.

**Член 25**

Со секторите и одделенијата раководат раководители.

Раководителите за својата работа и за работата на секторот, односно одделението одговараат пред Градоначалникот.

Раководителите на секторите и одделенијата ги именува и разрешува Градоначалникот.

**Член 26**

Бројот на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува Градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација.

**Член 27**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на организацијата на општинската администрација бр.07-599/3 од 15.07.2002 година ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.4/02).

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Охрид", а ќе се применува по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07- 829/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА 2005**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за инвестиции и одржување на Локалната самоуправа за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**01.07.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

**П Р О Г Р А М И**
**ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**Комунални дејности**

**Јавно осветлување**

- електроенергетска мрежа /електрична енергија/..................................9.500.000,00
- електроенергетска мрежа /одржување/.................................................1.000.000,00

**Вкупно:.......................................10.500.000,00**

**Јавна чистота**

- набавка и поставување на канти за отпад и контејнери.............................................................500.000,00
- чистење, товар и транспорт на окрек.......................................................100.000,00
- чистење и одржување на јавни површини.............................................350.000,00
- подигање, транспорт и чување на стари возила.....................................200.000,00

**Вкупно:.........................................1.150.000,00**

**Одржување и заштита на локални патишта и улици**

- крпење на ударни дупки
  со обновување на коловозна повилка....................................................4.325.000,00
  санирање на улици ....................................................................................4.000.000,00
- санирање на прекопи ...................................................................................275.000,00
- одржување и санација со замена на бекатон плочки
  на тротоари и патеки........................................................................................140.000,00

*зимско одржување
- набавка на индустриска сол со посипување на
  градски улици и локални патишта...................................................................300.000,00
- чистење снег на градски улици и локални патишта...................................200.000,00

**Вкупно:..........................................9.240.000,00**

**Одржување и користење на паркови и зеленило**

- одржување на зеленило и паркови..................................................................500.000,00
- одржување и набавка на парковски клупи.....................................................300.000,00
- санација и изработка на нови парковски површини
  /кружен тек, Кеј М.Тито, наспроти Охридско лето/......................................500.000,00
- санација и изработка на дрвореди...................................................................300.000,00

**Вкупно:..........................................1.600.000,00**

**Други комунални услуги**

- чистење речни корита на подрачјето на општина Охрид
  /Грашница, Коселска, Велгошка и др./.............................................................600.000,00
- одржување на фонтана..........................................................................................48.000,00
- трошоци за украсување и прослави..................................................................200.000,00
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација......................................................500.000,00

**Вкупно:..........................................1.348.000,00**

**Изградба на јавно осветлување**

**ЕЕ мрежи за јавно осветлување – инвестирање**

- осветлување на ул.„Даме Груев„.......................................................................700.000,00
- осветлување на ул.„Партизанска„.....................................................................750.000,00
- осветлување на ул.„Александар Турунџе„.......................................................130.000,00
- осветлување на ул.„Абас Емин„.........................................................................180.000,00
- осветлување на ул.„Питу Гули„......................................................................1.051.000,00
- осветлување на ул.„Дејан Војвода„.................................................................180.000,00
- осветлување на ул.„Српница„...........................................................................230.000,00
- осветлување на ул.„Стив Наумов„......................................................................70.000,00
- осветлување на с.Орман......................................................................................50.000,00
- осветлување на с.Љубаништа..........................................................................250.000,00
- осветлување на с.Лескоец.................................................................................150.000,00
- осветлување на ул.„Богомилска„........................................................................80.000,00
- осветлување на нас.Чекоштина.........................................................................100.000,00
- осветлување на ул.„Кирил и Методиј„...............................................................500.000,00
- осветлување на ул.„Коста Абраш„.....................................................................100.000,00
- осветлување на ул.„Гоце Делчев„......................................................................132.000,00
- осветлување на ул.„Андон Дуков„.......................................................................75.000,00
- осветлување на ул.„Гоце Делчев„......................................................................860.000,00
- осветлување на ул.„Нада Филева„.....................................................................150.000,00

**Вкупно:..........................................5.732.000,00**

**ЕЕ мрежи за јавно осветлување – проширување**

- осветлување на ул.„Сирма Војвода„.......................................................20.000,00
- осветлување во нас.Рача-Велестово......................................................65.000,00
- осветлување на ул.„Први мај-дебарца„...................................................45.000,00
- осветлување на ул.„Димитар Влахов„.....................................................40.000,00
- осветлување на ул.„Момчило Јорданоски„...............................................70.000,00
- осветлување на „Бул.Туристичка„..........................................................85.000,00
- осветлување на ул.„Питу Гули„..............................................................20.000,00
- осветлување на ул.„Стив Наумов„-училиште...........................................70.000,00
- осветлување на ул.„Македонски Просветители„.......................................50.000,00

**Вкупно:...........................................455.000,00**

**ЕЕ мрежи и водови**

- дислоцирање столб на ул.„Гоце Делчев„................................................113.000,00
- дислоцирање столб на ул.„Абас Емин„...................................................166.000,00
- дислокација на воздушна мрежа на ул.„Гоце Делчев„..........................112.000,00
- дислоцирање ормар на ул.„Партизанска„.................................................21.000,00
- дислокација на воздушна мрежа на ул.„7/ми Ноември„.........................85.700,00
- дислокација на кабелска мрежа на ул.„Ѓорче Петров„..........................422.000,00

**Вкупно:...........................................919.700,00**

**ЕЕ мрежи и ТС 10/04 кВ за приклучок на нови потрошувачи индивидуални и колективни**

- приклучување на ул.„Прилепска„............................................................384.125,00
- приклучување на ул.„Момчило Јорданоски„...........................................319.156,00
- приклучување на нас.Лагадин.................................................................343.616,00
- приклучување на нас.Рача.......................................................................394.096,00
- приклучување на ул.„Јане Сандански„....................................................319.007,00

**Вкупно:.........................................1.760.000,00**

**Изградба и реконструкција на локални патишта**

**Уредување на градежно земјиште**
(отворање на пристапни улици и патишта)

- пробивање на ул.„Ѓоре Ѓорески„ дел
- отворање пристапен пат во с.Пештани
- отворање пристапен пат во 3/та УЕ
- отворање пристапен пат нас.Лагадин
- спој на ул.„Дејан Војвода„ со ул.„Пирин Планина„ во 5/та УЕ
- собирна улица во 6/та УЕ
- дел од станбена улица во 6/та УЕ
- сообраќајна улица во 3/та УЕ
- улица во 10/та УЕ
- станбена улица, дел, во Болнички комплекс
- сообраќајница во 3/та УЕ, дел,
- сообраќајница во ПЦГП (покрај Автобуска)
- доотворање на ул.„Партизанска„ во 2/ра УЕ
- пристапен пат во с.Пештани

- отворање пристапен пат во с.Пештани
- крак од станбена улица во 11/та УЕ
- пристапен пат во ПЦГП
- улица во с.Пештани
- дел од станбена улица во Болнички комплекс
- станбена улица во 11/та УЕ
- дел од сообраќајница во 3/та УЕ
- пристапен пат до црква „Св.Тројца„ (Р.Новичиќ)
- пристапен пат со паркинг во ПЦГП
- сообраќајница во н.м.Подмоље
- пристапен пат со паркинг во ПЦГП
- отворање пристапен пат од ул.„Туристичка„ спрема нас.Христо Узунов
- отворање пристапен пат на ул.„Ѓорче Петров„
- пробивање пристапен пат во 9/та УЕ

**Вкупно:.........................................2.000.000,00**

**Напомена:** Во тековната година од наведените улици ќе бидат реализирани оние за кои ќе има потполна документација и ќе се постигне спогодба со сопствениците.

- обележување и асфалтирање на ул.„7/ми Ноември„-краци,Р=650м2........................................................617.500,00
- обележување, тампонирање и асфалтирање на пристапни улици во с.Пештани,Р=400м2...........................................380.000,00
- обележување, тампонирање и асфалтирање на улици во нас.Даљан и нас.Воска,Р=800м2.............................................................760.000,00
- обележување, тампонирање и асфалтирање на ул.„28/ми Април„Р=4109м2..................................................................3.007.400,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Бекир Алириза„ Р=2100м2.........................................2.727.300,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Дебарца„ Р=1225м2.......................................................617.000,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Махмут Рифат„Р=1131м2...............................................904.800,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Абас Емин„ /дел/..............................................................680.000,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„С.Китаноски„ и ул.„В.Чернодрински„ Р=600м2..............................360.000,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Славеј Планина„...............................................................380.000,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Биљанини извори„Р=304м2.............................................243.200,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на ул.„Момчило Јорданоски„ /крак/, Р=920м2.........................................................................................736.000,00

*санација на сообраќајници

- стар дел на градот со гранитна коцка, Р=1000м2........................................................................500.000,00
- корекција на бехатонски плочки, Р=2000м2...........................................500.000,00
- тампонирање на дел од пат Велгошти-Лескоец за потребите на Градски гробишта........................................................500.000,00

- доизградба на ул.„Пирин Планина„
  /дел/, Р=2322м2..........................................................................................1.856.300,00
- доизградба на ул.„Распаќе„Р=4200м2...................................................3.360.000,00
- поплочување на улица
  „7/ми Ноември„ Р=1200м2..................................................................1.080.000,00
- поплочување на улица
  „8/ми Септември„ Р=1950м2..............................................................1.755.000,00
- поплочување на улица
  „Марко Несторoски„ Р=1800м2.........................................................1.620.000,00
- поплочување на улица
  „Јане Сандански„ Р=350м2
  /од „Туристичка„ до „Кеј М.Тито„-западна страна/..............................332.500,00
- поплочување на улица
  „Гоце Делчев„/јужна страна/ Р=2200м2...............................................2.090.000,00
- поплочување на улица
  „Македонски Просветители„
  /западна страна/ Р=1440м2.................................................................1.296.000,00
- поплочување на улица
  „Мите Богоески„
  /источна страна/ Р=300м2.......................................................................270.000,00
- поплочување во Лагадин, Р=300м2........................................................270.000,00
- корекција /подигање на рабници/
  улица Кеј Маршал Тито и дел од
  улица „Јане Сандански„............................................................................450.000,00
- изработка на џепови за контењери....................................................1.075.000,00
- набавка и поставување на
  механички препреки /ступчиња/............................................................500.000,00

**Вкупно:.....................................30.200.000,00**

**Изработка на простор за паркирање**

- изработка паркинг за автобуси............................................................800.000,00

**Вкупно:..........................................800.000,00**

**Изградба на сообраќајна сигнализација**

*вертикална сигнализација

- замена, поставување на сообраќајни знаци
  на подрачје на Охрид со монтажа........................................................650.000,00

*хоризонтална сигнализација

- осовинско бележење на патишта со бела боја......................................640.500,00
- бележење на пешачки премини со бела боја.....................................1.462.000,00
- обележување на коловозни стрелки........................................................92.500,00
- обележување на автобуски и
  такси-постојки со жолта боја.................................................................135.000,00

* сигнализација

- одржување...............................................................................................90.000,00
- реконструкции.........................................................................................500.000,00
- замена на електронска опрема..............................................................300.000,00

**Вкупно:.......................................3.870.000,00**

**Изградба на системи за водоснабдување**

- изградба на водоводна линија на ул.„Ристо Чадо„ /крак/
  Ф 90, Л=150м

- изградба на водоводна линија на ул.„Методи Патчев„
  Ф 90, Л=100м
- изградба на водоводна линија во горна зона, с.Велгошти
  Ф 90, Л=300м
- изградба на водоводна линија на ул.„Андон Дуков„
  Ф 90, Л=200м
- изградба на водоводна линија на ул.„Даме Груев„-крак /бр.58/
  Ф 63, Л=60м
- изградба на водоводна линија во нас.Гоце Делчев /продолжеток/
  Ф 200, Л=150м
- изградба на водоводна линија по ул.„Андреја Јованоски„
  Ф 90, Л=300м
- изградба на улична водоводна линија поврзување на Рача 1 и Рача 2
  Ф 110, Л=1200м
- изградба на водоводна линија на ул.„Партизанска„-„Кеј М.Тито„
  Ф 90, Л=78м
- девијација на водоводна линија по ул.Ирена Гинова Мирка
  Ф 110, Л=60м
- изградба на водоводна линија по ул.„Абас Емин„
  Ф 110, Л=80м
- изградба на водоводна линија на ул.„Страшо Пинџур„ и „Серафим Китаноски“
  Ф 90, Л=400м
- изградба на водоводна линија на ул.„Туристичка„-продолжеток од Д.Груев
  Ф 63, Л=90м
- изградба на водоводна линија на ул.„Пирин Планина„
  Ф 90, Л=250м
- изградба на водоводна линија и приклучок во месност Елешец - Пештани
  ПЕ Ф 2“, Л=42м

**Вкупно:........................................3.630.000,00**

**Напомена:** Наведените активности се опфатени со Програмата на МЈП „Проаква„ - водоснабдување во кои Општина Охрид учествува со сопствени средства во висина не поголема од 50% од целокупната вредност на објектот. За наведените активности се предвидени 3.630.000,00 денари

**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

- изведба на фекална канализација на ул.„Александар Турунџе„
  Ф 300, Л=400м, Ф 200, Л=516м
- изведба на фекална канализација на ул.„Српница„
  Ф 200, Л=293м
- изведба на фекална канализација на ул.„Кирил и Методи„ крак „Гоце Делчев„
  Ф 200, Л=78м
- изведба на фекална канализација на ул.„Живко Чинго„ /1/ва фаза/
  Ф 300, Л=76м, Ф 200, Л=292
- изработка на техничко решение и изведба на фекална и атмосферска канализација во нас.Гоце Делчев-Болнички комплекс,1/ва фаза
  /решавањето на имотно-правните работи е на товар на Фондот за комунален развој/
- изведба на фекална канализација на ул.„Момчило Јорданоски„ /продолжеток/
  Ф200, Л=140м
- изведба на фекална канализација на ул.„Јабланица„
  Ф200, Л=130м
- изведба на канализациона линија на ул.„Дејан Војвода„

Ф300, Л=70м
- изведба на канализациона линија на ул.„Ристо Чадо„ /крак/
  Ф200, Л=60м
- изведба на фекална канализација на ул.„Винковачка„ /крак/
  Ф200, Л=100м
- изведба на фекална канализација покрај отворен канал на ул.„Дејан Војвода„ и по ул."Анастасија Узунова" /без атмосферска канализација/
  Ф300, Л=370м, Ф200, Л=306
  /решавањето на имотно-правните работи е на товар на Фондот за комунален развој/
- изведба на канализациона линија на ул.„Андреја Јованоски„
  Ф200, Л=600м
- изведба на фекална канализација на ул.„Илинденска„ - крак
  Ф200, Л=100м
  /решавањето на имотно-правните работи е на товар на Фондот за комунален развој/
- изведба на фекална канализација и приклучување во нас.Р.Новичиќ
  Ф200, Л=400м
- изведба на фекална канализација и приклучување во нас.Рача
  Ф200, Л=400м
- изведба на атмосферска канализација на ул.„Богомилска„ со поврзување во новата канализација
  Ф400, Л=85м, Ф300, Л=65м
- одржување на атмосферска канализација
- изведба на атмосферски приклучувања во новата канализација

**Напомена:** Наведените активности се опфатени со Програмата на МЈП „Проаква„ - канализација во кои Општина Охрид учествува со сопствени средства во висина не поголема од 50% од целокупната вредност на објектот. За наведените активности се предвидени 6.500.000,00 денари.

**Вкупно:.........................................6.500.000,00**

## АНЕКС
### КОН ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ

Врз основа на стручните согледувања на службите на Општина Охрид и врз основа на Забелешките на Комисиите на Општина Охрид, Програмата за инвестиции и одржување се проширува со следните активности:

**Изградба и реконструкција на локални патишта**
- реконструкција со надградба на слој
  со асфалт на ул.„Гоце Делчев„ Р=3000м2............................................2.880.000,00
- поплочување на тротоари на
  ул.„Радојца Новичиќ„ Р=1000м2..........................................................1.000.000,00
- поплочување на тротоари на ул.„Стив Наумов„
  од двете страни, Р=800м2..................................................................800.000,00
- реконструкција на краци на
  ул.„Охридска Бригада„ Р=1869м2........................................................1.775.550,00
- реконструкција на
  ул.„Трајче Дојчиноски„ Р=1300м2........................................................1.235.000,00
- реконструкција на
  ул.„Васил Стефоски„ Р=2650м2...........................................................2.517.500,00

- реконструкција на краци на
  ул.„Шар Планина„ Р=120м2.......................................................................114.000,00

**Изградба на јавно осветлување**

- осветлување на краци на ул.“Охридска Бригада“...................................500.000,00
- осветлување на ул.“Трајче Дојчиноски“..................................................410.000,00

**Изградба на системи за водоснабдување**

- изградба на улична водоводна линија поврзување на Рача 1 и Рача 2
  НД 110мм, Л=1200м..........................................................................................798.000,00
- изградба на улична водоводна линија на ул.“Карпош Војвода“
  НД 200мм, Л=90м..............................................................................................203.000,00
- реконструкција на водоводна линија по ул.“Туристичка“
  НД 500мм, Л=260м /дел/....................................................................................420.000,00

**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

- изведба на фекална канализација на
  ул.„Александар Турунџе„ и краци.........................................................2.370.000,00
- изведба на фекална канализација на ул.„Српница„
  Ф200, Л=293м.....................................................................................................467.000,00
- изведба на фекална канализација на дел од ул.„Живко Чинго„
  Ф300, Л=76м, Ф200, Л=292..............................................................................637.000,00
- изработка на техничко решение и изведба на
  фекална канализација во нас.Гоце Делчев
  /Болнички комплекс/......................................................................................1.100.000,00
- изведба на фекална канализација
  на ул.„Момчило Јорданоски„.........................................................................210.000,00
- изведба на фекална канализација
  на ул.„Јабланица„.................................................................................................40.000,00

За наведените активности - Изградба на системи за водоснабдување и Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води на МЈП “Проаква“, Општина Охрид ќе учествува со сопствени средства не поголеми од 70% од целокупната вредност на објектите. Стручните служби ќе одлучат кои точки ќе се реализираат.

Активности нереализирани со Програмата од 2004, а префрлени во Програма - инвестиции и одржување 2005:

**Изградба и реконструкција на локални патишта**

- обележување, тампонирање и
  асфалтирање на улица во с.Подмоље, Р=450м2...................................427.500,00
- обележување и асфалтирање на
  ул.„7/ми Ноември„-крак,Р=650м2...........................................................617.500,00
- обележување, тампонирање и асфалтирање
  на пристапни улици во с.Пештани,Р=400м2..........................................380.000,00
- обележување, тампонирање и асфалтирање на улици во
  нас.Далјан и нас.Воска,Р=800м2..............................................................760.000,00
- обележување, тампонирање и
  асфалтирање на ул.„28/ми Април„ Р=3131м2...................................2.825.000,00
- обележување, тампонирање и
  асфалтирање во нас.Рача, П=2800м2..................................................2.680.000,00
- обележување, тампонирање и
  асфалтирање во с.Елшани........................................................................410.000,00

- реконструкција со надградба на слој
  со асфалт на ул.„Бекир Алириза„ Р=2000м2........................................1.200.000,00
- реконструкција со надградба на слој
  со асфалт на ул.„Дебарца„ Р=1225м2......................................................617.000,00
- реконструкција со надградба на слој со
  асфалт на ул.„Махмут Рифат„Р=850м2...................................................680.000,00
- реконструкција со надградба на слој со
  асфалт на ул.„Абас Емин„ /дел/.............................................................680.000,00
- реконструкција со надградба на слој со асфалт на
  ул.„С.Китаноски„ и ул.„В.Чернодрински„ Р=600м2.............................360.000,00
- реконструкција со надградба на слој со
  асфалт на ул.„Славеј Планина„...............................................................380.000,00

Активности кои не беа планирани со Програма 2004, а се изведени поради Проектот за заштита на Охридско Езеро:

- целосна реконструкција на ул.„Марко Несторoски„............................6.837.956,00
- целосна реконструкција на ул.„Македонски Просветители„...............3.658.649,00
- целосна реконструкција на ул.„7/ми Ноември„...................................6.347.810,00
- целосна реконструкција на ул.„Питу Гули„.........................................7.033.980,00

Советот ги донесе следните заклучоци во врска со горенаведените програми:

1. Бидејќи не е донесен инвестициониот буџет на Локалната самоуправа и нема програми за уредување градежно земјиште, за улично осветлување и за изградба и одржување на локални патишта и улици за 2005 година, а не е постапено согласно заклучокот на Советот кој гласи:

“Средствата утврдени во инвестиционата програма Градоначалникот ќе ги извршува за исплата на обврски за изведени работи и исклучиво за обврски кои што не се изведени согласно програмите во 2004 година. Се задолжува Стручната служба до 20.01.2005 година да изготви извештај за нереализираните ставки во Програмата до Советот и дава мандат на Комисијата за финансии и буџет да ја разгледа и утврди динамиката и приоритетите за нереализираните ставки во програмите“. Се задолжува Фондот за комунален развој да достави извештај за реализираните работи заклучно со шести месец.

1. ЈП “Охридски Комуналец“ и МЈП “Проаква“ да достават извештај за своето финансиско работење заклучно со шести месец и да постапат согласно заклучоците да доставуваат квартални извештаи за своето работење до Советот на општина Охрид.

2. Да се изврши ревизија на финансиското работење на Фондот за комунален развој и МЈП “Проаква“ Струга.

3. Да се достави извештај за сите финансиски побарувања и долгови на општината за да може да се види реалната финансиска состојба.

4. Да се постапи согласно заклучокот на Советот со кој се задолжуваат стручните служби при Локалната самоуправа да утврдат комисиски и да ја наплатат од инвеститорите разликата во комуналии од станбен во деловен простор како и да се постапи согласно Законот за изградба на инвестициона градба во поглед на наплата на комуналии, ако е отстапено од предвиденото, а може да се вклопи во планот да се наплати по дупла цена од инвеститорот.

**Број 07- 829/4**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Буџетот за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

| | |
|---|---|
| **Број 08-829/5** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **01.07.2005 год.** | **Градоначалник** |
| **О х р и д** | **Александар Петрески с.р** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на ЕЛС Охрид (“Сл.гласник на ЕЛС Охрид“ бр.2/02), Советот на ЕЛС Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС Охрид за 2005 година**

**Член 1**

Во Буџетот на Општина Охрид за 2005 година се вршат следните измени:

| | Буџет 2005 | Ребаланс 2005 |
|---|---|---|
| *Вкупни приходи* и тоа: | *126.300.000,00 денари* | *147.074.162,00 денари* |
| **- тековно оперативни расходи** | | **132.130.709,00 денари** |
| **- наменски дотации** | | **13.943.453,00 денари** |
| **- донации** | | **1.000.000,00 денари** |
| *Вкупни расходи* и тоа: | *126.300.000,00 денари* | *147.074.162,00 денари* |
| **- утврдени намени** | **126.250.000,00 денари** | **146.774.162,00 денари** |
| **- резерви** | **50.000,00 денари** | **300.000,00 денари** |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2005 година се заменуваат со новиот *Консолидиран биланс на приходи и расходи, биланс на тековно* - *оперативни расходи и биланс на капитални расходи* .

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Охрид за 2005 година влегуваат во сила со денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид", а ќе се применуваат од 01.07.2005 година до 31.12.2005 година.

**Број 07- 829/5**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2005 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за извршување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/5**
**01.07.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 42 став 2 од Статутот на општината Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година, донесе дополнување на

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА

**Член 1**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Охрид за 2005 година (во понатамошниот текст Буџет) се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2005 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираните, истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2005 година донесени од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Износите на расходите утврдени со буџетот се лимитирани износи над кои не можат да преземаат обврски.

Со пропис или со друг акт не може да се создаваат обврски на товар на Буџетот за 2005 година, ако за истите не се обезбедени финансиски средства од нов извор на приходи или се намалат другите трошоци во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на утврдените средства меѓу трошковните ставки до износот од 100.000,00 денари, по трошковна ставка се врши со Решение на Градоначалникот, а над тој износ со Одлука за измени и дополнувања на буџетот, донесена од страна на Советот на општина Охрид. Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу трошковни категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на трошковните ставки меѓу платите и надоместоците и другите трошоци.

**Член 6**

Корисниците на Буџетот се должни непотрошените средства да ги вратат во Буџетот најдоцна до 31.12.2005 година.Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

По исклучок, буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци.

**Член 7**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат трошоците по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 EUR** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што трошоците треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 8**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите:
- Програма администрација,
- Инвестициона програма

ги извршува Градоначалникот на Општина Охрид.

**Член 9**

Средствата утврдени во Буџетот наменети за реализација на Програмите, извршителот на Буџетот може да ги користи за:

- исплата на обврски за извршени работи од претходни години,
- за реализирање на инвестициони активности и оперативно тековни трошоци.

**Член 10**

Корисниците на средствата од Буџетот можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот на општината достават полугодишен финансиски план по квартали, за користење на средства по програми, потпрограми и ставки во рамките на одобрените средства во Буџетот на општина Охрид.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци. За бараните промени одлучува Градоначалникот на општината.

**Член 11**

За прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници, програми, потпрограми, одлучува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени со буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки по претходно одобрување од Градоначалникот на општината.

**Член 12**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се наплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Поврат на погрешно уплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот.

**Член 13**

Општината планира буџетска резерва во висина од 300.000,00 денари за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи. Употребата на буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот.

**Член 14**

Буџетот на општина Охрид се извршува од 01.01.2005 до 31.12.2005 година.

**Член 15**

Измената на оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“, а ќе се применува од 01 јули 2005 година.

**Број 07- 829/6**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНИВАЧКИ ПРАВА НАД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВААТ** Одлуките за преземање на оснивашки права над основните и средните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/8 и 9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**01.07.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 42 од Статутот на општината Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03) и член 72 од Законот за изменување и дополнување на основното образование ((“Сл.весник на РМ“ бр.63/04), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНИВАЧКИ ПРАВА НАД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Охрид ги презема основачките права и обврски над основните училишта кои се наоѓаат на подрачјето на општина Охрид и тоа:

- ОУ “Братство Единство“ - Охрид
- ОУ “Григор Прличев“ - Охрид
- ОУ “Св.Климент Охридски“ - Охрид
- ОУ “Христо Узунов“ - Охрид
- ОУ “Св.Наум Охридски“ - с.Пештани
- ОУ “Живко Чинго“ - с.Велгошти
- ОУ “Кочо Рацин“ - Охрид
- ОУ “Ванчо Николески“ - с.Лескоец
- ОМУ “Методи Патче“ - Охрид

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 829/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 42 од Статутот на општината Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03) и член 72 од Законот за изменување и дополнување на основното образование ((“Сл.весник на РМ“ бр.63/04), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНИВАЧКИ ПРАВА НАД ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Охрид ги презема основачките права и обврски над јавните средни училишта кои се наоѓаат на подрачјето на општина Охрид и тоа:

- УСО “Св.Климент Охридски“ - Охрид
- ЕМУЦ “Св.Наум Охридски“ - Охрид
- ДУТУ “Ванчо Питошески“ - Охрид

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 829/9**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2004 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Извештајот за степенот на реализација на Програмата за изработка урбанистички планови за општина Охрид во 2004 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/10**
**01.07.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За степенот на реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2004 година**

Со Програмата за изработка на урбанистички планови за 2004 година е планирано доврднување на започнати урбанистички планови и изработување на нови

**А. Донесени планови во 2004 година**

1. Генерален урбанистички план за стопански комплекс потег Охрид - Лескоец 2004-2009 - Општина Охрид со површина од 13.20ха.

2. Изменување и дополнување на делови од Детални урбанистички планови со вкупна површина од 10.00ха.

- ДУП за дел од ПЦГП - Урбан модул “ЦЕ“, опфат меѓу улиците: Св.Климент Охридски, Климентов универзитет, Бранко Шотра и плоштад Чинар, со П=1.02ха. 19.03.2004
- ДУП за дел од ПЦГП - Урбан блок 1, Блок 1-5/та зона од ЦГП, Блок - 2 -6-та УЕ - дел, опфат меѓу улиците: Туристичка, 7/ми Ноември, крак 7/ми Ноември и новопланирана сообраќајница, со П=3.10ха. 30.06.2004
- Измена и дополнување на дел од ДУП за 10/та УЕ, опфат меѓу улиците: Ѓорче Петров, крак Ѓорче Петров и станбена улица 1 и 2, со П=1.18ха. 19.05.2004
- Измена и дополнување на дел од ДУП за “Радојца Новичиќ“, опфат меѓу улиците: Радојца Новичиќ, Петрино, Петрино 1, со П=1.21ха. 19.05.2004
- Измена и дополнување на дел ДУП за урбан модул 5 - ПЦГП, опфат меѓу улиците: Партизанска, Јане Сандански, улица број 106 и број 107, со П=1.19ха. 14.09.2004
- Измени и дополнувања на дел од ДУП за 9/та УЕ, урбан модул 1,опфат меѓу улиците: Прв градски ринг, улица 1, Анастасија Узунова и Абас Емин, со П=0.78ха. 14.09.2004
- Измени и дополнувања на ДУП за дел од потегот Лагадин - Пештани, урбан блок 4, урбан модул 1, опфат меѓу улиците: СУ1, СУ2 и пешачка улица со П=0.50ха. 14.09.2004
- ДУП за туристички локалитет Горица - Св.Стефан - Метропол, урбан модул во населбата Долно Коњско, опфат меѓу улиците: пат Охрид - Св.Наум, кп.бр,2954, 2953 и 2971, планирана сообраќајница и дел од кп.бр.3214, со П=0.93ха. 14.09.2004

**Б. Планови во постапка за донесување**

1. ГУП за Охрид - фаза Нацрт план со стручно мислење од Министерството за транспорт и врски - Скопје, доставен за мислење во Министерството за животна средина и просторно планирање - Скопје.

2. ГУП за дел од ПЦГП - Охрид, опфат меѓу улиците: Туристичка, Јане Сандански, Партизанска и Македонски Просветители, со П=24.60ха, фаза **Предлог план со добиена согласност.**

3. ДУП за населба “Горица - Исток“ Општина Охрид - фаза **Нацрт план - во изготвување.**

4. Изменување и дополнување на делови од Детални урбанистички планови со вкупна површина од 70.00ха:

- ДУП за дел од 6/та УЕ, УМ1, опфат меѓу улиците: Јане Сандански, крак на улица Јане Сандански, Новопроектирани улици 1 и 2 и дел од Јане Сандански, со П=3.50ха, фаза **Предлог план со добиена согласност.**
- ДУП за дел од 6/та УЕ, УМ3, опфат меѓу улиците: Богомилска, 7/ми Ноември, крак од 7/ми Ноември и постојна станбена улица, со П=2.50ха, фаза **Предлог план со добиена согласност.**
- ДУП за ПЦГП - урбан модул 2 и урбан модул 4, опфат меѓу улиците: Македонски Просветители, Партизанска, Кузман Јосифоски, Димитар Влахов, улица број 119 и Даме Груев, со П=8.41ха, фаза **Предлог план со добиена согласност.**
- Измени и дополнувања на ДУП за дел од населено место Пештани, урбан модул 1, Општина Охрид, опфат меѓу улиците: пат Охрид - Св.Наум, колско пешачка улица и новопланирана улица, со П=0.60ха, фаза **Предлог план со добиена согласност.**
- ДУП, блок 2 - Пештани, опфат меѓу улиците: Ѓорче Палазоски, Охридско Езеро, Насте Буклески, Галичица, планирана сообраќајница, со П=3.61ха, фаза **Предлог план.**
- ДУП за II УЕ, МЗ 4 - Долна Влашка Маала и дел од МЗ 10 - Центар, опфат меѓу улиците: Први мај, Кеј Маршал Тито, Асном, Туристичка, Јане Сандански и Партизанска, со П=26.00ха, **вратен за корекции.**
- ДУП за IV урбана единица, опфат меѓу улиците: Васил Стефоски, Бистрица, Гоце Делчев и крак Гоце Делчев, со П=9.04ха, фаза **Предлог план.**
- ДУП за ПЦГП - урбан модул 1, опфат меѓу улиците: Туристичка, Македонски Просветители, Даме Груев и новопланирана улица, со П=1.85ха, фаза **Предлог план.**
- ДУП за ПЦГП - урбан модул 6, опфат меѓу улиците: Партизанска, Кузман Јосифоски, Кеј Маршал Тито и Македонски Просветители, со П=5.10ха.
- ДУП за ПЦГП - урбан модул 7 (Табана), опфат меѓу улиците: Цар Самоил, пешачка патека западно од црквата Св.Богородица Болничка, Коста Абраш, Македонски Просветители и пешачка патека, со П=3.00ха.
- ДУП за ПЦГП - урбан модул 8 (Пазар), опфат меѓу улиците: Булевар Туристичка, Македонски Просветители, Даме Груев, Гоце Делчев и Абас Емин, со П=3.52ха.
- ДУП за дел од 7/ма УЕ, урбан модул "Слобода", опфат меѓу улиците: Македонски Просветители, 7/ми Ноември и новопланирана улица, со П=0.75ха.
- Измени и дополнувања на ДУП за дел од 7/ма УЕ, урбан модул 1, опфат меѓу улиците: Абас Емин, Дејан Војвода, Булевар Туристичка и новопланирана улица, со П=1.00ха.

**В. Планови за кои не е превземена активност за изготвување**

1. ДУП за Рача
2. Урбанистичка документација за населените места кои беа во Програмата на Владата не се довршени поради укинување на финансирањето од Буџетот на Републиката.

**Број 07- 829/10**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за изработка урбанистички планови за општина Охрид во 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**01.07.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 13 и 14 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ“ бр.53/01), член 60 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.5/04), Локалната администрација, сектор за урбанистичко планирање и заштита на животната средина предлага Советот на општина Охрид да донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изработка на урбанистички планови за Општина Охрид во 2005 година**

Со оваа Програма се планираат активности за изработка на урбанистички планови како и нивни измени и дополнувања од оправдани причини: застареност на плановите, нивна неусогласеност со новонастанатите општествени промени и новите законски прописи, укинување на плановите од Уставниот суд, барања на правни и физички лица заради разрешување на имотно правната сопственост и други потреби. Плановите ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија, од Буџетот на општина Охрид и од заинтересирани правни и физички лица.

**I. Генерални урбанистички планови**

1. Генерален урбанистички план на Охрид, 2002 - 2012
2. Изменување и дополнување на ГУП на град Охрид за дел од централното градско подрачје урбан блок меѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски просветители и Јане Сандански, 2004 - 2014 П = 24.60 ха

**II. Детални урбанистички планови**

1. Детален урбанистички план за II урбана единица МЗ 4 - Долна Влашка Маала и дел од МЗ 10 - Центар
   - опфат меѓу улиците: Први мај, Кеј Маршал Тито, Асном, Туристичка, Јане Сандански и Партизанска П = 27.00 ха

2. Детален урбанистички план за населба Горица - Исток
    - опфат според ГУП П = 33.50 ха
3. Детален урбанистички план за населба Рача Охрид
    - опфат според ГУП П = 60.00 ха
4. Детален урбанистички план за населба Горица - Север
    - опфат патен правец Охрид - Св.Наум, река Рача, Охридско Езеро и комплекс Горица П = 14.70 ха

**III. Измени и дополнувања на детални урбанистички планови и делови од детални урбанистички планови**

1. Детален урбанистички план за дел од I УЕ, урбан блок Варош
    - опфат западно од Илинденска П = 19.76 ха
2. Детален урбанистички план за Лагадин и дел од потегот Лагадин - Пештани П = 11.40 ха
3. Детален урбанистички план за населба Рача Охрид
    - опфат според ГУП П = 60.00 ха
4. Детален урбанистички план за населба Горица - Север
    - опфат патен правец Охрид - Св.Наум, река Рача, Охридско Езеро и комплекс Горица П = 14.70 ха
5. ДУП за делови од ПЦГП - Охрид П = 22.00 ха
6. ДУП за делови од VI УЕ П = 6.00 ха
7. ДУ за делови од VII УЕ П = 1.75 ха
8. ДУП за дел од IV УЕ П = 9.04 ха
9. ДУП за делови од населено место Пештани П = 4.21 ха

**IV. Урбанистичка документација за населени места**

1. Урбанистичка документација за населено место Велгошти
2. Урбанистичка документација за населено место Велестово
3. Урбанистичка документација за населено место Шипокно
4. Урбанистичка документација за населено место Орман
5. Урбанистичка документација за населено место Рамне

**V.** Зависно од анализата на постојната документација, од анализата на реализацијата на плановите и од анализата на доставени барања од граѓани до Локалната самоуправа се согледува реалната можност за планирање на просторот и се иницира изготвување на урбанистички план и измени и дополнувања на урбанистички планови и за други опфати согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

Приоритет за изготвување на планови од Програмата утврдува Градоначалникот на општина Охрид.

**Број 07- 829/11**
**30.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА КОСЕЛ ОД 01.01. ДО 01.06.2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на завршната сметка на општина Косел од 01.01. до 01.06.2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2005 година.

**Број 08-829/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**01.07.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 46 од Законот за буџетите и член 24 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (*Сл.весник на РМ* бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01, 61/02, 46/02, 24/03, 85/03 и 96/04) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општината Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општината Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2006 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КОСЕЛ ЗА 2005 ГОДИНА /01.01.-30.06/**

**Член 1**

Во тековната година во периодот од 01.01. до 30.06.2005 година остварени се:

**Вкупни приходи** **1.710.863,50 ден.**

Во тековната година во периодот од 01.01. до 30.06.2005 година реализирани се:

**Вкупни трошоци** **1.710.863,50 ден.**

**Вишок на приходи** **0,00 ден.**

**Член 2**

Вкупните приходи и расходи по поблиска намена на корисници се опфатени со Билансот на приходи и Билансот на расходи кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-829/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

# И З В Е Ш Т А Ј
## За остварените приходи и извршените трошоци на Буџетот на општината Косел за 2005 год.

Буџетот на општината Косел за 2005 година е донесен на седницата на Советот на општината Косел на 29.12.2004 год. објавен во "Сл.гласник на општината Косел" бр.05 согласно член 39 од Законот за буџетите ("Сл.весник на РМ" бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01, 46/02, 24/03, 85/03 и 96/04).

Нивото на Буџетот на општината Косел беше утврдено во висина од 7.280.000,00 денари од кои 3.050.320,00 припаѓаат на изворните приходи утврдени со Законот за ограничување на изворните приходи ("Сл.весник на РМ" бр._____). Изворните приходи во наведениот износ распределени по место на настанување е како што следува:

- данок од имот........................................................................575.000,00 ден.
- данок на наследство и подарок.......................................................60.000,00 ден.
- данок на промет на недвижности и права..................................1.850.000,00 ден.
- комунална такса за истакнување на фирми....................................445.320,00 ден.
- комунална такса за користење на улици при регистрација на возила..........................................................120.000,00 ден.

Износот од 4.229.680,00 денари се однесува на проектирани други приходи или распределени по нивните извори како што следува:

- комунална такса за користење и одржување на јавно осветление..................................................1.000.000,00 ден.
- други приходи по основ на комунална дејност.................................20.000,00 ден.
- други комунални такси (користење градежно земјиште).................60.000,00 ден.
- камати од депозити во комерцијални банки......................................35.000,00 ден.
- закупнини од објекти.......................................................................60.000,00 ден.
- приходи од осигурување на имот......................................................24.680,00 ден.
- тековни трансфери од други нивоа на власт...................................350.000,00 ден.
- трансфери од буџетот на фондовите............................................1.850.000,00 ден.
- пренесени парични средства од претходни години.........................830.000,00 ден.

При изработката на Буџетот, висината на одделни видови на трошоци е утврдена на основа параметрите добиени од Министерството за финансии. Приливот на изворните приходи се однесува за периодот од 01.01. до 11.03.2005 година, додека другите приходи се остварени во периодот од 01.01. до 01.06.2005 година. Вкупниот износ на остварени приходи изнесува 1.710.863,50 денари. Отстапувањето на оствареното од проектиранотот во номинален износ изнесува 5.569.163,50 денари или изразено во проценти остварувањето е 23.50%.

Остварувањето на вкупните приходи кои припаѓаат на општина Косел е под проценетото од причина што согласно Законот за територијална организација на ЕЛС, општина Косел е укината и припоена кон соседната општина Охрид. Остварувањето на приходите според извори за период од 01.01. до 01.06.2005 година во номинален износ и проценти изнесува:

**Изворни приходи**

- данок од имот, од предвидените 575.000,00 денари остварени се 190.202,50 денари или во проценти 33.08%;

- данок на наследство и подарок, од предвидените 60.000,00 денари остварени се 9.590,50 денари или во проценти 15.98%;
- данок на промет на недвижности и права, од предвидените 1.850.000,00 денари остварени се 321.584,50 денари или во проценти 17.38%;
- комунална такса за истакнување на фирми, од предвидените 445.320,00 денари остварени се 51.145,50 денари или во проценти 11.49%;
- комунална такса за користење на улици при регистрација на возила, од предвидените 120.000,00 денари остварени се 16.983,00 денари или во проценти 14.15%;

**Други приходи**

- комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, од предвидените 1.000.000,00 денари остварени се 114.256,00 денари или во проценти 11.42%;
- други приходи по основ на комунални дејности, од предвидените 20.000,00 денари не се остварени приходи;
- други комунални такси, од предвидените 60.000,00 денари остварени се 4.800,00 денари или во проценти 8%;
- камата од депозити во комерцијални банки, од предвидените 35.000,00 денари остварени се 3.452,00 денари или во проценти 9.8%;
- закуп од објекти, од предвидените 60.000,00 денари остварени се 8.900,00 денари или во проценти 14.8%;
- тековни трансфери од други нивоа на власт, од предвидените 350.000,00 денари остварени се 217.695,00 денари или во проценти 62.20%;
- пренесен вишок на приходи од претходни години, од предвидените 830.000,00 денари остварени се 772.284,50 денари или во проценти 93.04%.

По целосно согледување на предвидениот и реализираниот приходен дел, како и на предвидените и остварените трошоци - расходи, табеларно е прикажан во Билансот на приходи и Билансот на расходи кои се составен дел на овој Извештај.

Сметаме за потребно во Извештајот да ги прикажеме и обврските на општина Косел кои не се исплатени и се пренесуваат како обврски на општина Охрид:

- за улично осветление превземена обврска.........................................322.717,00 ден.
  /обврската се однесува заклучно со месец Април/
- телефон и телефакс за месец Април...................................................12.052,00 ден.
- електрична енергија за месец Април....................................................4.075,50 ден.
- поштенски услуги за месец Април...........................................................418,00 ден.
- средства за хигиена.........................................................................3.547,00 ден.
- други услуги /поправка копирка/...........................................................1.180,00 ден.
- одржување /замена на стакло/..................................................................939,00 ден.
- поправка на патишта /тампонирање/....................................................15.000,00 ден.
- расходи за репрезентација....................................................................7.993,00 ден.

Како причини за неисплатените обврски е фактот што после 11.03.2005 година Министерството за финансии не ги трансфериraше изворните приходи на општина Косел иако правно општината продолжи да работи.